РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 - 962/1
14.12. 2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за користење на податоци од јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14), член 50, став 1, точка 14 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 36 став 1 алинеја 8 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за определување на контакт лице за јавно објавување на податоци кои се создаваат во остварувањето на надлежностите на Општина Валандово

1. **Владимир Лазов**, Виш соработник – систем администратор на ИТ мрежи во Општинската администрација на Општина Валандово, **СЕ ОПРЕДЕЛУВА** за контакт лице кое е задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоци за нивно понатамошно користење, нивно обработување на Веб страната на општината и е одговорно за ажурноста на каталогот на податоци и податочните сетови на www.otvorenipodatoci.gov.mk, www.data.gov.mk и други платформи за отворени податоци и отворени општини.

2. За определеното контакт лице да се извести Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Оваа Решение со контакт информации за определеното лице да се објави на веб-страницата на Општина Валандово.

## Образложение

Со член 7 став 4 од Законот за користење на податоци од јавниот сектор, утврдена е обврска за институциите и органите од јавниот сектор да определат контакт лице кое е задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страницата на органот и за обврските за ажурност на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk, како и непречено извршување на обврските од член 7 ставовите (2) и (3) од овој закон и за тоа го извести Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена од денот на определувањето на лицето.

Имајќи ја во предвид ваквата обврска, со оваа Решение се определува лице, вработено во администрацијата на Општина Валандово кое ќе ги врши опишаните работи.

Ваквото решение, како и информации за определеното лице ќе бидат објавени на Веб-страницата на Општина Валандово.

**Правна поука:** Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Решението на интернет страницата на Општина Валандово.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Б. Киров